    d. *Борис Ѓорѓиевски, комерционален директор на Винер осигурување, Местото и улогата на осигурувањето во РМ*
    e. *Едуард Мичек, директор на Проектот за модернизација на Царинска управа, Модернизација на царинските постапки согласно правата на ЕУ*
    f. *Валентина Ангелковска, директор на правен сектор на Стопанска банка*
    g. *Горан Трајковски, Директор на УЈП*
    h. *Ванчо Каргов, Директор на Царинска управа на РМ*
    i. *Димитар Богов, Гувернер на НБРМ*

9. Предавање од YES инкубаторот, за полесно вклучување во и креирање бизнис

**Заклучок од спроведената самоевалуација на наставата, праксата и издавачката дејност**

Спроведената самоевалуација по прашањата на резутатите постигнати во зимскиот семестар дојде до заклучок дека наставниот процес се реализира според Планот за работа на УТМС и дека резултатите на студентите се во согласност со очекувањата и го одразуваат високиот квалитет на наставата.

Комисијата за самоевалуација констатира дека Советодавните одбори при факултетите на УТМС се формирани согласно планот и Одлуката на Ректорската Управа и дека истите функционираат. Од работењето на Советодавните одбори се очекува Универзитетот да добие повратни информации од стопанството со сугестии за евентуални корекции во Студиската програма по факултетите, согласно потребите и барањата на бизнис секторот и администрацијата. Исто така, одборите би дале свој силен придонес кон полесно и поорганизирано обезбедување на студентски пракси за студентите од УТМС.

Издавачката дејност на УТМС функционира согласно потребите за обезбедување на литература за прв и втор циклус на студии, како и со печатење на енциклопедии, едиции, монографии и меѓународно научно списание. Во согласност со целите и приоритетите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за перманентно усовршување на стандардите и критериумите во сите сегменти на наставата а со цел за подобрување на квалитетот, како и за етаблирање на услови за научно-истражувачка дејност во областа на теоријата и истражувачките аспекти на сите сегменти на Универзитетот, покрај образовната функција, Универзитетот е силно фокусиран на научно-истражувачка дејност. Според содржината на истражувањето Универзитетот настојува научните проекти да ги покриваат сите гранки од научното поле на општата и деловната економија. Заедно со истражувачите од Универзитетот, во научно-истражувачките проекти се вклучени и истражувачи од Австрија, Германија, Италија, Грција, Словачка, Полска, Словенија, Хрватска, БиХ, Србија, Бугарија, Црна Гора, Косово и Албанија.

Бројот и квалитетот на објавени научни трудови на наставниците на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и нивната застапеност во сите научни гранки потврдува дека Универзитетот е компетитивна институција и има силна издавачка дејност. Професорите на Универзитетот се автори на бројни научни статии, учебници и скрипти за потребите на додипломски, дипломски и последипломски студии, соработници се во последипломски програми на други домашни и странски училишта и рецензенти на дипломски, последипломски и докторски програми. Воедно, би истакнале дека истражувачка работа е тесно врзана за практиката, што подразбира едукацијата и практиката да се оформуваат интерактивно.

Научно-истражувачката работа кореспондира со издавачка дејност на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, кое опфаќа сопствени изданија на книги, учебници, публикации, енциклопедии, меѓу кои и на меѓународното научно списание: “UTMS Journal of Economics”, во кое се публикуваат научни трудови од областа на економските науки, туризмот, маркетингот и менаџментот. UTMS Journal of Economics е списание кое се издава во целост на англиски јазик и има меѓународен уреднички одбор, во кој

учествуваат повеќе од пет земји, при што бројот на членови од една земја не надминува 40% од вкупниот број на членови, со што ги исполнува критериумите за Меѓународно научно списание во смисла на Законот за високо образование на РМ.

Списанието излегува два пати годишно и е индексирано, односно абстрактите од истото се влезени во следните бази на податоци: AP PLATFORMS; C.I.R.E.T.; DOAJ; EBSCO; EconBiz; EconPapers; EconStor; EDRIC; GOOGLE SCHOLAR; IDEAS; Open J-Gate; ProQuest LLC; RePec; Socionet; ZBW; ABI/INFORM.

Комисијата за самоевалуација констатира дека клиничката настава се реализира согласно одредбите на Законот за високо образование, со гостување на еминентни практичари од земјата и странство.

Во однос на останатите важни активности, особено беше констатирано успешно функционирање на професионалното образование и понуда на Курсеви за Управители и Туристички водичи, кои имаат висок квалитет и голем број на слушатели.

Студентската пракса се реализира организирано и плански, со најмалку еден месец пракса (за студентите од Факултетот за туризам и три месеци), студентите одат со Упатница, врз основа на претходно потпишани Договори со компаниите, со одреден ментор во институцијата и сите активности се евидентираат во Днавници за пракса.

## Извештај од SWOT анализата и предложените промени/подобрувања

Како дел од активностите кои УТМС ги презема на полето на зајакнувањето на квалитетот на своето севкупно работење е развој на Прашалникот за SWOT анализа, кој претставува составен дел од Планот за проценка на резултатите. Развојот на Прашалникот е искористен за анкетирање на вработените на УТМС (професори, асистенти, администрација, технички персонал) и *служи за интерна употреба, со цел стекнување на сознанија за сите аспекти на работењето на универзитетот, а со цел надминување на слабостите и подобрување на квалитетот на работата.* Преку анализа на анкетните листови можат да се извлечат следните заклучоци:

### ДОБРИ СТРАНИ (STRENGTHS)

Глобално земено, би можеле да извлечеме работен заклучок дека вработените на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје како ***добри страни*** ги истакнуваат:

- **Инфраструктурата**: добрата техничка опременост и модерната зграда, како и хигиената;
- **Условите за работа:** истакнати се интерактивноста, индивидуалниот пристап кон студентите и меѓународната соработка. Меѓу другите работи спомнати можеме да ги истакнеме соработката со колегите, тимската работа, пријатната атмосфера и т.н.;
- **Квалитетот:** најистканат е квалитетот на комуникацијата меѓу професорите и асистентите од една страна и студентите од друга, при што е истакната постојаната достапност на наставно-соработничкиот кадар за студентите, одличната и коректна соработка, постоење на професионален однос, како и квалитетот и стручноста на наставно-соработничкиот кадар.

Во одговорите во однос на перципираните добри страни истакнати се некои **предности** кои УТМС ги носи, меѓу кои: добрата позиција на пазарот, интересот за напредок и можностите за креирање на нови, унапредени, современи наставни програми и планови, можностите кои стојат пред него како млад Универзитет за развој, реализирање на визијата за напредок, особено преку спроведување на Болоњскиот процес.

### СЛАБИ СТРАНИ (WEAKNESSES)

Во однос на *слабите страни* како најистакнати се јавуваат:

- **Инфраструктура и работните услови:** непостоењето на студентски кампус, не постоење на студентско бифе, недостаток на читална, итн.

**Забелешка:** *Работната атмосфера се јавува како категорија која е спомената и во двата пола на континуумот и како добра и како лоша работна атмосфера.*

- **Квалитет (наставно-соработнички и научен кадар):** Од дадените одговори видливо е дека квалитетот гледан низ стручноста и професионалноста на наставно-соработничкиот и научен кадар се соочува со неможност за понатамошно усовршување и развој, преку немање на механизми кои ќе овозможат доволно време и услови за континуиран развој и едуцирање; *истакнато е и слаботo учество на семинари, конференции, обуки, симпозиуми и сл. (на домашно и меѓународно ниво);* мал е бројот и на објавени трудови во домашни публикации, и особено во меѓународните журнали во соодветните полиња на работа. Како особено истакната слаба страна (гледано и од позиција на најчесто дадени одговори) е и **отсуството на проекти за научно-истражувачка работа,** во која интензивно би биле вклучени наставно-соработничкиот и научен кадар, студентите и надворешни соработници.

- **Квалитетот на администрацијата, организацијата и изведувањето на наставата:** истакнато е дека постои неорганизираност и неефикасност на административните служби и организацијата на различните аспекти од режимот на студирање (ненавремено известување за настанати промени, менувања на условите на студирање). Посебно важна забелешка е *дека треба да се доизградат цврсти, јасни критериуми за она што се бара како постигнувања од студентите, развојот на објективни критериуми на оценување*. И секако важно е да се спомене и дека е истакнато дека во некои случаи *личните интереси се поставуваат пред реалните интереси на една високо-образовна институција.*

- Во однос на **квалитетот на управувањето/менаџирањето со институцијата** упатени се одредени забелешки во правец на менаџерската структура и непостоењето на комуникација со останатиот кадар при донесување одлуки, непостоењето отвореност за идеи, нефлексибилност на управата и нејзина неангажираност околу подигнувањето на мотивацијата на вработените, неовозможувањето на услови (материјално-технички услови и отстапување на соодветно време за таа намена) за професионален и креативен развој на кадарот во институцијата.

- Истакнато е исто така, дека **соработката** на Универзитетот со останти домашни и странски (образовни и други) институции/организации треба да се поправи особено во правец на размена на студенти и наставно-научен и соработнички кадар.

## МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES)

Во проценката на *можностите* кои стојат отворени пред Универзитетот анкетираните ги имаат истакнато следните:

- Во однос на **инфраструктурата** постојат можности за просторно и функционално проширување на Универзитетот и во југо-источниот и западниот дел на Македонија.
- Што се однесува до **кадарот, студентите и квалитетот на наставата** би можеле да ги истакнеме следните насоки посочени како можности; можности за *развој на постоечкиот кадар* и креирање на кадар согласно потребите на пазарот на труд, преку можност за отворање на нови факултети. Исто така, наведена е и *можноста за научно-истражувачка дејност и ангажирање на студентите во практична примена на стекнатите знаења.*
- **Соработката** е исто така честа категорија спомнувана како отворена можност за Универзитетот и тоа реализирана преку *размена на кадар и студенти, преку членства во асоцијации* и сл., како и преку ***спроведување на меѓународните стандарди и хармонизација со најдобрите практики овополотени во болоњскиот процес.***

**ЗАКАНИ (THREATS)**

Од *заканите* кои постојат како потенцијални за Универзитетот истакнати се следните:

- Најчесто спомнувана е **конкуренцијата** која постои на пазарот, особено со отворањето на многу нови приватни факултети и универзитети. И секако **социо-економската моќ** на населението.
- Особено споменувани во анкетата како закани се **продукцијата на слаб кадар (ниско ниво на знаењето на студентите)**, како и опаѓањето на квалитетот на постоечкиот кадар вработен во институцијата заради затвореност на институцијата и мотивирањето на кадарот.
- Истакната е и **соработката и медиумската камапања,** кои се оценуваат дека се на мошне слабо ниво - па резултираат со слаба информираност на јавноста за можностите кои се нудат на Универзитетот, и особено предностите да се биде дел од него.

**ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОМЕНИ**

Препораките за промена на перципираната ситуација се огледаат во предлозите за промени и/или подобрувања кои анкетираните ги истакнаа. Одговорите ни покажуваат дека неопходните промени и подбрувања кои треба да бидат реализирани, главно се однесуваат на:

- *унапредување на инфраструктурата* на начин кој ќе ја олесни, забрза и ќе и додаде вредност на работата на Универзитетот (и во однос на вработените и во однос на студентите).
- Истакната е и потребата од *зголемен ангажман околу научно-истражувачката дејност,* учеството и организирањето на научно-образовни настани од типот на конференции, семинари, симпозиуми, летни и зимски школи и сл., како и

зголемен ангажман околу овозможувањето на услови за понатамошен квалитетен развој и издавачка дејност (издавање на трудови).

- И секако многу *поинтензивна, поударна медиумска кампања за промоција на Универзитетот.* Во прилог се вклучени резимираните предлози за подобрувања и промени како и доказите за потребата од нив.

Заради задржување на што е можно поголема автентичност на одговорите Предлозите за промена следат во Прилогот во оригинална, но компримирана форма.

На прашањето **дали се потребни дополнителни финансии за реализирање на овие предлози** вкупно 24 одговори се потврдни од кои 14 се *да*, а 10 се *да, но минимални*. Шест одговори се во правец дека за некои од предлозите се потребни финансии, но за други не; и 5 одговори дека не се потребни никакви дополнителни финансиски вложувања за спроведување на предлозите.

На прашањето *Дали промените ќе влијаат на некој друг би бил вклучен во предложените промени или подобрувања* дадени се следните одговори:

- врз сите (врз целокупното работење) (ф=11)
- целокупниот наставен (научен)кадар (ф=11)
- студенти (ф=14)
- управата (ф=3)
- сопственикот на универзитетот
- останатите вработени
- не директно
- би требало
- да

Како *очекувани резултати од спроведувањето на наведените предлози* за промени и подобрувања главно се споменати:

- Унапредувањето на условите за работа, подобрен имиџ, рејтинг, кредибилитет на Универзитетот и зголемена информираност на јавноста за она што Универзитетот го нуди;
- Подобрена и засилена научно-истражувачка работа, а со тоа и подобра позиционираност на Универзитетот и научно-истражувачката дејност во Македонија и нејзина промоција на меѓународно ниво.
- Со внесувањето на промените/подобрувањата секако дека се очекуваат и финансиски користи - поголем број на запишани студенти, проекти и сл.; поголема сплотеност, соработка, лојалност, организираност, координираност, а со тоа и повисок квалитет на наставата и преку тоа профилирањето на идните

кадри, како и зголемени можности за нивна промоција и вработување. Сето ова повратно ќе го зголеми интересот и бројот на запишани студенти, а со тоа и профитот за институтцијата.

На прашањето *Кој друг треба да биде вклучен во реализирање на предложените промените и подобрувањата,* добиени се следните одговори:

- управа (ф=10)
- сите вработени (ф=8)
- професори (ф=8)
- асистенти (ф=8)
- надворени соработници(стручњаци од стопанството, професионалци во
- дадени области, практичари, псхолози, социолози) (ф=8)
- студенти (ф=6)
- бизнис секторот (ф=3)
- проректоратот
- деканска управа
- општеството/владата

И на крајот: *Како ќе ги оквалификувате предложените промени/подобрувања?*

- како дополнителни, логични чекори во постоечката определба и
- ангажман на универзитетот кон успешен развој//////(ф=6)
- водат кон подобрување на целокупниот систем/////(ф=5)
- како потребни/неопходни да се спроведат во наредниот период/////(ф=5)
- начин за унапредување на квалитетот на наставата//(ф=2)
- позитивен/зголемен имиџ/рејтинг//(ф=2)
- како позитивни и потребни//(ф=2)
- зголемена мотивираност и ефикасност кај студентите
- размена на студенти
- како генератор на идниот развој и разрешување на предизивиците
- како доста солидни

**ДОПОЛНИТЕЛНИ КОМЕНТАРИ:**

- Swot анализата треба да се спроведе и на надворешни лица
- ангажман во блиска иднина во практична обука во странски земји заради
- размена на кадар/студенти
- зголемување на библиотечниот фонд, формирање на e-Library, e-journals,
- e-books

- дополнителна разработка и постојано одржување и ажурирање на веб страницата
- примена на најдобрите светски искуства
- надворешна контрола
- осовременување на образовниот процес
- прашањата во прашалникот не се соодветни, премногу се долги. Не се јасни и концизни и се повторнуваат//(ф=2)
- да се зголеми вниманието посветено на истражувачката дејност (и на професорите, асистентите но и на студентите)
- поголем акцент на употреба на теориското знаење- пракса
- одржување на семинари и сл
- најмалку еднаш во месецот да се одржуваат презентации

## ЗАКЛУЧОК

Од сето горенаведено, може да се заклучи дека вработените на Универзитетот за туризам и менаџмет во Скопје сметаат дека се потребни подобрувања и промени во неколку сегменти на функционирањето на Универзитетот: во начинот на управувањето со институцијата, организирањето на наставата, администрацијата, во понатамошно подобрување на материјалните и технички услови за работа, во креирањето или овозможувањето на постојан, квалитетен развој на наставно-научниот и соработнички кадар и поставување на голем акцент на отворањето на можности за целосна реализација на неговиот потенцијал, развој, креативност и т.н. Истакнати се и потреби од понатамошни унапредувања на наставните програми и планови како и начините на реализација на образовниот процес. И следејќи ја максимата дека образованието не може да постои без науката - секако огромен акцент е ставен на овозможување на услови за развој на научно-истражувачката дејност и потенцијал.

На крајот нужно е да се спомене дека огромен акцент е ставен на развојот на соработката со другите институции на еден практичен начин и зголемување на медиумската промоција на Универзитетот особено кога во зачеток е еден нов факултет, а и останатите факултети се релативно млади и кои за да почнат да генерираат добивка наместо загуба, мора да и бидат максимално доближени на јавноста - и секако, сето горенаведено да биде спроведено во вид на инвестиција која повратно ќе покаже исплатливост на долги стази, без стеснувања при нејзината реализација.

# ИЗВЕШТАЈ ПО СПРОВЕДЕНАТА ЕВАЛУАЦИЈА ПО ОПШТИОТ ПРАШАЛНИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА УТМС

## 1. Основи врз кои е спроведено истражувањето

Анкетирањето по Општиот прашалник за студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент е спроведено во Скопје. Испитувањето беше извршено на 88 испитаници.

Од вкупниот број на испитаници, 47 студенти или 53,4 % се машки, додека 41 студенти или 46,6% се женски.

Во однос на старосната структура, 4 студенти или 4,5% се на возраст од 17-18 години, додека 9 студенти односно 10,2% се наоѓаат на возраст од 19-20 години, 30 студенти или 34,1% се на возраст од 21-22 години, и 45 студенти или 51,1% се на возраст од 23-25 години.

Местото од каде што студентите доаѓаат, 52 испитаници или 59,1% одговориле дека доаѓаат од Скопје, додека од друг град доаѓаат 36 студенти или 40,9%.

Испитувањето беше спроведено на 73 испитаници или 83% на студенти кои студираат на Економскиот факултетот, додека 15 испитаници или 17% студираат на Факултетот за туризам.

Испитаници беа студенти кои слушаат прв односно втор семестар вкупно 4 односно 4,5%, трети односно четврти семестар вкупно 14 испитаници или 15, 9%, и најголемиот дел односно 70 студенти или 79,5% го слушаат петтиот односно шестиот семестар, што значи дека станува збор за студенти кои се пред дипломирање.

## 2. Резултати од истражувањето

Испитувањето покажува дека најголем број од студентите имаат познавање на друг јазик освен македонскиот, и тоа 84 или 95,5 % од студентите, додека 4 испитаници или 4,5% се изјасниле дека не познаваат друг јазик освен македонскиот.

Студентите кои се изјасниле дека имаат познавање на друг јазик, 85 од истите или 96,6% кажале дека го познаваат англискиот јазик, германскиот, италјанскиот и шпанскиот јазик го познаваат по 1 студент односно по 5% од испитаниците. Можеме да кажеме дека високото ниво на познавање на англискиот јазик е и очигледно со оглед дека најголем дел од испитаниците во нивното претходно образование го изучувале англискиот јазик.

Следниот блок на прашања се однесуваат на универзитетското опкружување

На прашањето дали факултетот се грижи за студентите како индивидуи, 6,8 % или 6 од испитаниците во целост сметаат дека факултетот се грижи за студентите, 27 испитаници односно 30,7% се согласиле со ваквата констатација, 24 студенти односно 27,3 % биле неутрални по ова прашање, 14 студенти или 15,9% не се согласиле дека факултетот се грижи за студентите како индивидуи, додека 17 студенти или 19,3% воопшто не се согласиле.

Во однос на компетентноста на вработените во администрацијата 13 студенти или 14,8 % во целост се согласиле дека вработените се компетентни, 36,4% или 32 студенти се согласиле, 26 или 29,5% студенти биле неутрални, 7 студенти или 8% не се согласиле и 10 студенти воопшто не се согласиле со компетентноста на вработените во администрацијата.

За тоа како работи службата за обезбедување, 19 студенти или 21,6% од испитаниците во целост се согласуваат со доброто работење на службата, 31 студенти или 35,2% се согласуваат, 17 или 19,3% се неопределени, 7 студенти или 8% од испитаници не се согласуваат и 14 студенти или 15,9% воопшто не се согласуваат со работењето на службата за обезбедување.

Од испитаните студенти, 41 студент или 46,6 % во целост се согласуваат дека сметководството работи добро, 18 студенти или 20,5% се согласуваат со ваквата констатација, 16 студенти или 18,2% се неутрални по однос на ова прашање, со доброто работење на сметководството не се согласиле 6,8% од испитаниците или 6 студенти, додека 7 студенти или 8% воопшто не се согласиле дека сметководството работи добро.

Во однос на достапноста на администрацијата на студентите, 14 испитаници или 15,9% во целост сметаат дека администрацијата е достапна на студентите, 32 од испитаниците или 36,4% се согласуваат со ваквата констатација, 30 студенти или 34,1 % немаат став по однос на ова прашање, 4 студенти или 4,5% не се согласуваат, додека 8 студенти или 9,1% воопшто не се согласиле дека администрацијата е достапна на студентите.

За тоа како Универзитетот ја има организирано пропагандната политика 20,5% или 18 студенти во целост сметаат дека таа е добро поставена, 27 студенти или 30,7 % се согласиле со квалитетно организираната рекламна политика, 25 студенти или 28,4% се неутрални, 8 студенти или 9,1 % од испитаниците не се согласиле со тоа како се води рекламната политика, 9 студенти или 10,2% воопшто не се согласиле.

Правната служба на УТМС работи добро. Со ваквата констатација во целост се согласиле 8 студенти или 9,1% од испитаниците, 30 студенти или 34,1% се согласуваат со работењето на службата, 42 студенти или 47,7% од испитаниците се неутрални, 3 студенти или 3,4% не се согласуваат, додека 5 студенти или 5,7% воопшто не се согласуваат со работењето на правната служба.

По однос на работењето на службата со која студентите најмногу доаѓаат во контакт, Студентските прашања, 17 студенти или 19,3% од испитаниците во целост сметаат дека истата работи добро, 34 студенти или 38,6% се согласуваат со начинот на работење на студентската служба, 15 студенти немаат став во однос на ова прашање, додека по 11 студенти или 12,5% не се задоволни односно воопшто не се задоволни од работењето на службата за студентски прашања.

Времето на работење на студентските прашања со студентите во целост задоволува според најголем дел од испитаниците и тоа 43 студенти или 48,9 % од испитаниците, 19 студенти или 21,6 % од испитаниците се согласиле со ваквото време, 15 студенти или 17% се неутрални по ова прашање, 5 студенти или 5,7% не се согласиле, додека 6 студенти или 6,8% воопшто не се согласиле.

Пристапот до Универзитетот во целост задоволува според 10 студенти односно 11,4% од испитаниците, 21 студент или 23,9% се согласиле со начинот на пристап до локацијата, 13 или 14,8% студент немале став, 31 студент односно 35,2% не се согласуваат со констатацијата дека Универзитетот е лесно достапен, додека 13 студенти или 14,8% воопшто не се согласиле.

Точноста на информациите до кои имале пристап студентите пред запишувањето во целост била задоволителна според 6 студенти или 6,8%, 17 студенти или 19,3% се согласуваат, 29 студенти или 33% се неопределени, 18 студенти или 20,5% не се согласуваат со точноста на таквите информации, додека исто толкав број на испитаници воопшто не се согласиле со точноста на таквите информации.

Желбите и барањата на студентите во целост се почитуваат според 7 студенти или 8%, 21 студент или 23,9% се согласуваат со начинот како се почитуват нивните желби и барања, 30 студенти или 34,1% немаат изградено став, 8 студенти или 9,1% не се согласуваат од начинот како се задоволуваат нивните желби и барања, додека 22 студенти или 25% воопшто не се задоволни од почитувањето на нивните желби и барања.

Книгите во библиотеката во целост задоволуваат според 2 студенти или 2,3%, со ваквата констатација се согласуваат 28 студенти или 31,8% , 28 студенти или 31,8% од испитаниците се неутрални по ова прашање, 11 студенти или 12,5% не со согласуваат со книжниот фонд во библиотеката, 19 студенти или 21,6% воопшто не се согласуваат со доволноста на книгите во библиотеката.

Вработените во библиотеката целосно се однесуваат согласно потребите на студентите според 9 студенти или 10,2% од испитаниците, со ваквата констатација се согласиле 27 студенти или 30,7% , 30 студенти или 34,1% од испитаниците немаат изградено став по ова прашање. Со односот на вработените во библиотеката не се согласуваат 7 студенти или 8% студенти, додека 15 студенти или 17% од испитаниците воопшто не се согласиле.

Со електронскиот пристап до библиотечниот фонд во целост се согласиле 3 студенти или 3,4 % од испитаниците, 13 студенти се согласиле со ваквата констатација, 28 студенти или 31,8% се неутрални, 18 студенти или 20,5% од испитаниците не се согласуваат, додека 26 студенти или 29,5% воопшто не се согласуваат со електронскиот пристап до библиотечниот фонд.

По однос на современоста на насловите на достапните трудови, во целост се согласиле 7 студенти или 8%, 24 студенти или 27,3% од испитаниците се согласуваат за современоста, 30 студенти или 34,1% се неутрални, не се согласиле 11 студенти или 12,5%, додека бројот на студенти кои воопшто не се согласуваат со современоста на насловите изнесува 16% или 18,2%.

Достапноста на литературата за предметите кои се слушаат во целост е задоволителна според 16 студенти или 18,2 %, со ваквата констатација се согласиле 29 студенти или 33% од испитаниците, 24 студенти или 27,3 % имаат неутрален став во поглед на достапноста на клучната литература за полагање на испитот, со ваквата констатација не се согласуваат 5 студенти или 5,7 % и 11 студенти или 12,5% воопшто не се согласува со достапноста на литературата.

Според 6 студенти или 6,8% од испитаниците во целост се согласуваат дека имаат услови за учење во читалната, 6 испитаници или 6,8% се согласиле со ова, 32 испитаници или 30% се неутрални, 12 студенти или 13,6% не се согласуваат со условите за читање во читалната, додека 30 студенти или 34,1% воопшто не се согласуваат.

Во однос на достапноста на библиотеката 12 студенти или 13,6 % сметаат дека библиотеката е во целост достапна онолку колку што треба, 25 студенти или 28,4% се согласиле со ваквата констатација, 24 студенти или 27,3% се неутрални, 8 студенти или 9,1% не се согласиле дека библиотеката е достапна, додека 19 студенти или 21,6% воопшто не се согласиле.

Во однос на објектите за слободни активности 4 студенти односно 4,5% во целост се согласиле во однос на бројот на објектите, 16 студенти или 18,2% се согласуваат со бројот на објекти, 22 студенти или 25% се неутрални, 16 студенти или 18,2% сметаат дека бројот на објекти не е доволен, додека 30 студенти или 34,1% воопшто не се согласиле за бројот на објектите за слободни активности.

Со достапноста на објектите за слободни активности целосно се согласиле 3 студенти или 3,4% од испитаниците, 17 студенти или 19,3% се согласуваат со достапноста на објектите, 23 студенти или 26,1% се неутрални, 18 студенти или 20,5% не се согласуваат, додека 27 студенти илии 30,7% воопшто не се согласуваат со достапноста на објектите за слободни активности.

Пристапот на студентите до фотокопирница во целост позитивно е оценет од 14 студенти или 15,9% од испитаниците, 38 студенти или 43,2% се согласуваат со ваквата констатација, 24 студенти или 27,3% се неутрални, 3 студенти или 3,4 не се согасуваат, додека 9 студенти или 10,2% воопшто не се согласуваат за пристапот до фотокопирницата.

Со доброто работење на студентската организација целост се согласуваат 8 студенти или 9,1% од популацијата, 16 студенти или 18,2% се согасуваат, 30 студенти или 34,1% имаат неутрален став, 10 студенти или 11,4% не се согласиле со ваквиот став, додека 24 студенти или 27,3% воопшто не се согласиле со работата на нивната матична организација.

Од вкупниот број испитани студенти, 9 студенти или 10,2% од испитаниците целосно се согласиле дека интернет услугите на универзитетот се достапни, 32 студенти или 36,4% се согласуваат дека имаат пристап, 15 студенти или 17% биле неутрални, не се согласуваат со ваквото мислење 15 студенти или 17%, а 17 студенти или 19,3% воопшто не се согласуваат за достапноста на интернет услугите.

Со можноста за употреба на интернетот на универзитетот во целост се согласиле 7 студенти или 8%, 31 студент или 35,2% се согласиле, 13 студенти или 14,8% биле неутрални, додека 16 студенти или 18,2% не се согласиле, а 21 студенти или 23,9% воопшто не се согласуваат дека располагаат со можност за употреба на интернетот на универзитетот.

Достапноста на информатичките лаборатории во целост е позитивно оцената од 8 студенти или 9,1% од популацијата, 26 студенти или 29,5% се согласиле дека достапноста е задоволителна, 21 студенти или 23,9% биле неутрални, не се согласиле 13 студенти или 14,8%, додека 20 студенти или 22,7% воопшто не се согласуваат со достапноста на информатичките лаборатории.

Техничката опременост на информатичките лаборатории е добра. Со оваа констатација во целост се согласуваат 17 студенти или 19,3% од испитаниците, 21 студент се согласуваат, намаат став 23 студенти или 26,1%, 14 студенти или 15,9% не се согласуваат, додека 13 студенти или 14,8% воопшто не се согласуваат како се опремени информатичките лаборатории.

Паркинг просторот на универзитетот во целост ги задоволува потребите на студентите сметаат 14 испитаници, 7 испитаници или 8 % се согласуваат, 9 или 10,2 % се неутрални, 23 студенти или 26,1% не се согласуваат, додека 35 студенти или 39,8% воопшто не се задоволни од паркинг просторот на универзитетот.

На констатацијата дека постојат организирани спортски активности, во целост се согласиле 5 студенти или 5,7% од испитаниците, 4 студенти или 4,5% се согласиле, 15 студенти или 17% се неутрални, не се согласиле 12 студенти или 13,6%, додека 52 студенти или 59,1% од испитаната популација сметаат дека воопшто не се организираат спортски активности.

Според 7 студенти или 8% од испитаниците, организираните социјални активности целосно задоволуваат, 7 студенти или 5,7% се задоволни, неопределени се 24 студенти или 27,3% , не се согласиле 21 студенти или 23,9% од испитаниците, додека 31 студенти или 35,2% воопшто не се задоволни од организираните социјални активности.

Административните проблеми во целост успешно се решаваат со персоналот според 6 студенти или 6,8% од испитаниците, 23 студенти или 26,1% сметат дека проблемите успешно се решаваат, 34 студенти или 38,6% се неутрални, 18 студенти или 20,5% не се согласуваат, додека 7 студенти или 8% воопшто не се согласуваат со начинот на решавање на административните проблеми.

Хигиената на Универзитетот во целост ја оцениле како добра 21 студенти или 23,9% од популацијата, 45 студенти или 51,1% се согласуваат со хигиената, по однос на ова прашање 7 студенти или 8% се неутрални, 9 студенти или 10,2% не се согласуваат, додека 6 студенти или 6,8% воопшто не се задоволни од хигиената.

Според 36 студенти или 40,9% од испитаниците професорите се во целост достапни на студентите, 21 студенти или 23,9% се согласуваат на ваквата констатација, 20 студенти или 22,7% се неутрални, 5 студенти или 5,7% не се согласуваат и 4 студенти или 4,5% воопшто не се согласуваат со достапноста на професорите.

Третата група на прашања се однесуваат на придобивките за студентите од студирањето на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Професорите се грижат за успехот на студентите како индивидуи. Со ваквата констатација во целост се согласиле 16 студенти или 18,2% од популацијата, 39 студенти или 44,3% проценти се согласуваат, 25 студенти или 28,4% се неутрални, 6 студенти или 6,8% не се согласуваат со ваквата констатација, додека 2 студенти или 2,3% воопшто не согласуваат.

Наставната програма на факултетот во целост е позитивно оценета како добра од 27 студенти или 30,7% од популацијата, 35 студенти или 39,8% се согласиле дека истата е добра, 17 студенти или 19,3% се неутрални, 6 студенти или 6,8% не се согласиле, бројот на студентите кои воопшто не се согласуваат дека наставната програма е добра изнесува 3 студенти или 3,4%.

Содржината на предметите застапени на факултетот во целост е позитивно оценета од 21 студенти или 23,9% од испитаниците, 41 студенти или 46,6% се согласуваат дека содржината е задоволителна, 19 студенти или 21,6% се неутрални, 4 студенти или 4,5% не се согласуваат, додека 3 студенти или 3,4% воопшто не се согласуваат со содржината на предметите.

На прашањето дали наставните содржини по предметите се одлични, целосно се согласиле 21 студенти или 23,9% од испитаниците, 25 студенти или 28,4% се согласиле дека наставните содржини се одлични, 28 студенти или 31,8% се неопределени, 13 студенти или 14,8% не се согласиле и еден студент или 1,1% воопшто не се согласил дека наставните содржини се одлични.

Задоволството од распоредот на часовите во целост го искажале 18 студенти или 20,5% од испитаниците, 28 студенти или 31,8% се согласиле дека распоредот е добар, 20 студенти или 22,7% биле неутрални, 10 студенти или 11,4% не се согласуваат дека распоредот е добар, додека 12 студенти или 13,6% воопшто не се согласува со распоредот на часовите.

Распоредот на испитните сесии во целост е позитивно оценет од 14 студенти или 15,9% од популацијата, со распоредот се согласуваат 40 студенти или 45,5 %, 23 студенти или 26,1% се

неутрални, 7 студенти или 8% не се согласиле, додека 4 студенти или 4,5% воопшто не се согласуваат со распоредот на испитните сесии.

Распоредот на колоквиумските сесии во целост е позитивно оценет од 20 студенти или 22,7% од популацијата, со распоредот се согласуваат 36 студенти или 40,9 %, 21 студенти или 23,9% се неутрални, 7 студенти или 8% не се согласиле, додека 4 студенти или 4,5% воопшто не се согласил со распоредот на колоквиумските сесии.

